ВО СКОПЈЕ, МАНУ ЧАО УЖИВАШЕ ВО МАКЕДОНСКИТЕ СПЕЦИЈАЛИТЕТИ

# Гоце Делчев е ист како Емилијано Запата



*Ману Чао со Ранко Петровиќ до сликата на Гоце Делчев*

"Гоце Делчев многу ми личи на мексиканскиот револуционер Емилијано Запата", рекол Ману Чао, францускиот музичар со баскиско потекло, откако во саботата бил на ручек во ресторанот "Кај Маршалот". Ману Чао беше главна ѕвезда на фестивалот "Таксират 12" и собра околу 8.000 луѓе во "Метрополис арената".

Тој дошол во Скопје три дена порано и се дружел со пријателите кои ги запознал во 2002 година, кога одржа концерт за паметење на Скопското лизгалиште. Организаторите го прошетале на ручек "Кај Маршалот". Сопствениците на ресторанот велат дека тој бил воодушевен од уредувањето и веднаш го препознал Јосип Броз Тито на сликата.



*Емилијано Запата (десно), кого Чао го споредил со Гоце Делчев, бил водечка фигура во Мексиканската револуција во 1910 година*

"Кога го виде Гоце Делчев на слика, рече дека многу му личи на Емилијано Запата, водечкиот херој на Мексиканската револуција во 1910 година. Јас му раскажував за проектот ´Крушево етноград´, за тоа како ги оживеавме униформите на нашите револуционери во граѓаните на Крушево. Многу му се допадна идејата. Уживаше во македонските специјалитети, јадеше спанаќ, скара, домашна пита. Најмногу го бендиса десертот туфахија, кој во нашето мени го нарековме ´македонска вијагра´. На шега рече дека ќе изеде само половина од ´вијаграта´ за да не му наштети на концертот. Концертот на Ману Чао, за мене, беше еден од трите најдобри што сум ги гледал досега", ни раскажа Ранко Петровиќ од Радио Бубамара, кој е еден од сопствениците на ресторанот.

За настапот на интернационалната атракција, кој меша повеќе музички стилови и пее на неколку јазици, освен од Скопје, дојдоа фанови и од Србија, Бугарија, но и од западноевропските земји.

***(М.Џ.)***